Бр./Nr 12-2512/1

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

г./v. 11-05-2023

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 86-та седница одржана на 05.05.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-8119/1 од 06.09.2022 година, со наводи против вработен во СВР -----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување, а пријавата да се достави на надлежно постапување на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи.

Предметот со број 12-8119/1 од 06.09.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 06.09.2022 година, поднесена е пријава со наводи против вработен во СВР ------------ и оформен е предмет број 12-8119/1 од 06.09.2022 година.

Во пријавата се наведува дека ----------------------------- од СВР ----------- е корумпиран наркодилер кој продава дрога на зависници и ја апси својата конкуренција.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување во конкретниот случај, а пријавата да ја достави на надлежно постапување на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
Подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: м-р В.Г., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk